Врз основа на член 15 став (13) од Законот за данок на моторни возила („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 261/19) министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ДАНОКОТ ИЛИ ВРАЌАЊЕ НА ПЛАТЕНИОТ ДАНОК НА МОТОРНИ ВОЗИЛА, СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ВРАЌАЊЕ НА ПЛАТЕНИОТ ДАНОК НА МОТОРНИ ВОЗИЛА ЗА ДИПЛОМАТСКИ И КОНЗУЛАРНИ ПРЕТСТАВНИШТВА И ЗА МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува начинот на ослободување од данокот или враќање на платениот данок на моторни возила, содржината на барањето за враќање на платениот данок на моторни возила за дипломатски и конзуларни претставништва и за меѓународни организации и потребната документација.

**Член 2**

(1) Остварувањето на правото за ослободување од данок на моторни возила согласно член 15 став (1) од Законот за данок на моторни возила (во понатамошниот текст: законот) се врши со доставување на потврда издадена од Министерството за надворешни работи согласно член 15 став (2) од законот.

(2) Остварувањето на правото за ослободување од данок на моторни возила по пат на враќање на платениот данок на моторни возила согласно член 15 став (6) од законот се врши со поднесување на барање за враќање на платениот данок на моторни возила пред регистрацијата на моторното возило.

(3) Содржината на барањето за враќање на платениот данок на моторни е дадена во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

(4) Кон барањето од став (3) се доставува следната документација:
- потврда издадена од Министерството за надворешни работи;
- купопродажен договор или фактура во оригинал кои содржат податоци за посебно искажан пресметан и платен данок на моторни возила и
- пријава за плаќање на данокот на моторни возила, или документ од кој може да се провери податокот за бројот на пријавата.

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Северна Македонија“ а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 20 –_________ Министер за финансии

____________ 2019 година д-р Нина Ангеловска

Скопје